РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ РАБОТИ
И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ, ГРАДЕЖНИШТВО
АРХИТЕКТУРА И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА
Бр.11-302/12
27.07.2023 год.
ГЕВГЕЛИЈА

Врз основа на член 35 став 13 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02), член 62 од Статутот на општина Гевгелија, Градоначалникот на општина Гевгелија го дава следното:

# С О О П Ш Т Е Н И Е

Се известуваат физичките и правните лица од опфатот на Деталниот урбанистички план за Блок 12 општина Гевгелија, плански период 2019-2024 година дека Градоначалникот на општина Гевгелија донесе Одлука за организирање на

**Повторена Јавна презентација и Јавна анкета за Деталниот урбанистички план за Блок 12 општина Гевгелија, плански период 2019-2024 година**

Границата на планскиот опфат за Деталниот урбанистички план за Блок 12 општина Гевгелија, плански период 2019-2024 година е:

-Од север е дефинирана по осовина на магистрална сообраќајница булевар Гевгелија и продолжува на североисток по осовина на регионалниот патен правец Р 1102,
-Од Исток е дефинирана по осовина на регулирано речно корито на река „Раул" и продолжува по осовина на водотекот на коритото на реката Вардар, каде што во целост се совпаѓа со границата на планскиот опфат на ГУП Гевгелија 2011-2021.
-Од Југ границата е дефинирана по осовина на водотекот на Сува Река,
-Од запад границата се движи по осовина на постојните сообраќајни улици „Железничка" и ул.„Борис Кидрич" и во пресечна точка се спојува со осовина на магистрална сообраќајница булевар Гевгелија.

Во планскиот опфат е ул.„Вардарски Рид", „Железничка", „Борис Кидрич", како и неколку постојни асфалтирани улици и земјени патеки.

Деталниот урбанистички план за Блок 12 општина Гевгелија, плански период 2019-2024 година зафаќа површина од 115,282 ха.

**Повторената јавна презентација со стручно презентирање на Деталниот урбанистички план за Блок 12 општина Гевгелија, плански период 2019-2024 година ќе се одржи на ден 08.08.2023 година во 12.00 часот, во малата сала на Народниот театар во Гевгелија.**

Деталниот урбанистички план за Блок 12 општина Гевгелија, плански период 2019-2024 година, ќе биде изложен во просториите на одделението за урбанизам, градежништво, архитектура и заштита на животната средина при општина Гевгелија и на web страната на општината.

**Повторената јавна анкета за Деталниот урбанистички план за Блок 12 општина Гевгелија, плански период 2019-2024 година ќе трае 5 работни дена и тоа од 08.08.2023 до 16.08.2023 година.**

Во споменатиот рок заинтересираните граѓани и правни лица од подрачјето опфатено со планот, како и државните органи и други институции ќе можат да ги доставуваат своите забелешки, предлози и мислења на анкетни листови.

Анкетните листови може да се подигнат и да се доставаат во архивата на одделението за урбанизам, архитектура, градежништво и заштита на животната средина или преку информативниот систем е-урбанизам.

Градоначалник
на општина Гевгелија
**Андон Сарамандов**